„Тие што многу проколнуваат, нема да бидат ниту сведоци ниту застапници на Судниот ден.“

Ебу Дерда, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Тие што многу проколнуваат, нема да бидат ниту сведоци ниту застапници на Судниот ден.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ја појаснил сериозноста на навиката на проколнување, укажувајќи дека оној што многу проколнува без основа, ќе биде лишен од две големи почести на Судниот ден: 1. Нема да биде меѓу сведоците – нема да му се даде улога да сведочи дека пратениците ја пренеле пораката до своите народи; нема да му се прифати сведоштво ниту на овој свет поради неговата непослушност и грешење (фиск); ниту ќе ја добие честа на шехидот – да биде маченик на Аллаховиот пат. 2. Нема да му биде дозволено застапувањето – на Судниот ден, кога верниците ќе се заземаат за своите браќа што заслужиле да влезат во Огнот, таквиот човек нема да биде меѓу оние што ќе имаат дозвола за шефат – застапништво.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5495